**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13 и 13/14), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 09.06.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 2303 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

**1. Вид надзор:** редовен

**2. Субјекти на надзорот:**

2.1. Друштво за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на „Нова Македонија";

2.2. Друштво за издавање и маркетинг СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје, издавач на „Слободен печат";

2.3. Друштво за издавање и маркетинг ВЕЧЕР ПРЕС ДООЕЛ Скопје, издавач „Вечер";

2.4. Друштво за новинско издавачка дејност, трговија и услуги КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО Скопје, издавач на „Коха";

2.5. Друштво за трговија, издаваштво и консалтинг АТВ МЕДИА КОМПАНИ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, издавач на „Лајм";

2.6. Друштво за новинско издавачка дејност МЕДИА ПЛУС ФОКУС ДООЕЛ Скопје, издавач на „Фокус";

2.7. Друштво за реклама и издаваштво АМПТЕАМ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на „М Магазин/Авто плус";

2.8. Друштво за производство, трговија и услуги ЈЕНИ БАЛКАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на „Јени Балкан Хафтал'к Бултен" и „Бахче";

2.9. Друштво за трговија, услуги и издавачка дејност ЕУРО-МАК КОМПАНИ ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на „Економија и бизнис";

2.10. Друштво за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на „Убавина и здравје", „Добра храна" и „Руски доктор";

2.11. Друштво за издавачка дејност БИРО ПРЕС ДОО Скопје, издавач на „Порта 3";

2.12. Културно Здружение ВИЗИОНИ М Скопје, издавач на „Шења";

2.13. Друштво за маркетиншки услуги МАРМАКС СТЕП ДООЕЛ Скопје, издавач на „Скопски ехо";

2.14. Здружение за едукација на земјоделците ЗЕЛЕНА БЕРЗА, Битола, издавач на „Зелена берза";

2.15. Здружение на граѓани за истражување, комуникации и за развој ПАБЛИК Скопје, издавач на „лице в лице"; и

2.16. Друштво за реклама и пропаганда КЛИКЕР МАРКЕТИНГ ДООЕЛ Скопје, издавач на „InStore".

Со надзорот се опфатени следните печатени медиуми:

- изданијата од 09 јуни 2021 година на весниците „Нова Македонија" бр. 25246, „Слободен печат" бр. 2273, „Вечер" бр. 17638, „Коха" бр. 4264 и „ Лајм" бр. 4226;
- изданието од 3 јуни 2021 година на „Фокус" бр. 1339;
- изданието за април-мај 2021 година на „М Магазин/Авто плус" бр. 308;
- изданието од 07 јуни 2021 година на „Јени Балкан Хафтал'к Бултен " бр. 171;
- изданието за април-мај-јуни 2021 година на „Бахче" бр. 25;
- изданието за јуни 2021 година на „Економија и бизнис" бр. 274;
- изданието за мај 2021 година на „Убавина и здравје" бр. 150;
- изданието за мај/јуни 2021 година на „Добра храна" бр. 14;
- изданието за мај/јуни 2021 година на „Руски доктор" бр. 53;
- изданието за мај 2021 година на „Порта 3" бр. 304;
- изданието за јуни 2021 година на „Шеќа" бр. 122;
- изданието од 27.05.2021 година на „Скопско Ехо" бр. 174;
- изданието за јуни 2021 година на „Зелена берза" бр. 36;
- изданието на „Лице в лице" бр. 045; и
- изданието за мај 2021 година на „InStore" бр. 101.

3. **Датум на извршување на надзорот:** 09 јуни 2021 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали издавачите на печатени медиуми ја исполнуваат обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„Издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци:*

- *назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум;*
- *име на одговорното лице на издавачот на медиум;*
- *име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото; и*
- *назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум".*

5. **Констатации од надзорот:** Обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми е во целост исполнета кај сите печатени медиуми опфатени со надзорот.